ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за планирање и уредување на просторот

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Сектор

# П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на фитнес парк

Скопје, ноември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на ___ ноември 2022 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на фитнес парк

### Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Чаир во Скопје се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба и опремување на фитнес парк на отворено во населба Чаир Скопје, според ДУП за М.З. „Вељко Влаховиќ“, за Урбан Модул 7 со намена Парк и зеленило, на бул. „Христијан Тодоровски Карпош“ б.б., КП 571 КО Чаир, во општина Чаир, со средства во износ од 290.383,00 денари, за бруто корисна површина од 180,50 м2 или нето наплатна површина од 54,15 м2.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

### Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 60% наменет за Градот Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27 - __________<br>___ ноември 2022 година<br>Скопје

Совет на Град Скопје<br>Претседател,<br>Трајко Славески с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува одлуки и член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), според кој одобрение за градење не може да се издаде ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште освен ако инвеститорот и општината склучат договор за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати или склучат договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или донесен е акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот.

Инвеститор за изградба и опремување на фитнес парк на отворено во населба Чаир Скопје, според ДУП за М.З. „Вељко Влаховиќ, за Урбан Модул 7 со намена Парк и зеленило, на бул. „Христијан Тодоровски Карпош“ б.б., КП 571 КО Чаир, во општина Чаир, е општина Чаир.

По барање број 08-12268/1 од 26.10.2022 година од страна на општина Чаир, Градот Скопје за да придонесе во реализацијата на проектот и изградба на истиот, оценува дека на овој начин треба да биде регулиран надоместокот за уредување на градежното земјиште наменет за Градот Скопје.

Со донесување на оваа Одлука, Градот Скопје заради претходно направени вложувања на конкретните локации, нема обврска да учествува во уредувањето на градежното земјиште. Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на општина Чаир.

Заради тоа, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.